ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 23 ДАТА 16.09.2020 ГОДИНА 38

ФФМ ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 23 ДАТА 16.09.2020 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊАОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПРИ ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ



**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 03.09.2020 година**
**за ОФС Тетово**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА„ с. Џепчиште: Кулибали М. Сулејман од ФК „Дреница„ с. Скендербеу, Република Албанија, по член 35/11.

***Склучување на професионален договор:**

ФК„Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Кулибали Сулејман склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2021 година.

**Дополнување на документација од седница од**
**05.09.2020 година**
**за ОФС Тетово**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Елези Џ. Лабинот од ФК „Косова„ од Цирих, Швајцарија, по член 35/11.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Дополнвуање на документација од**
**Седница од 04.09.2021 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Хајдари Р. Бујар од ФК „Верниер„ Швајцарија, чл.35/11.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 31.08.2020 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД„ с. Турново: Петров А. Дарко од ФК „Јединство„ од Сен Гален, од Швајцарија, по член 35/11.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Седница од 15.09.2020 година**

ФК „ПЕЛИСЕР АД„ Битола: Цветаноски А. Гораст, Баталоски Каид, од ФК „Форца Спорт„ од Битола, по член 36/1.

ФК „ЦРНО БУКИ„ ЗЛ„ с. Црно Буки: Бошевски Кристијан од ФК „Питу Гули„„ чл. 35/13.

***Поништување на исписница:**

Се поништува исписницата на фудбалерот Велјановски С. Александар од Фудбалскиот клуб „Новаци 2005„ од с. Новаци од 17.01.2014 година, бидејќи рокот на исписницата е поминат, рокот на траење од 45 дена, поради што останува член на Фудбалскиот клуб „Новаци 2025„ година од с. Новаци.

***Поништување на брисовница:**

Се понииштуа Брисовницата на фудбалерот Велјановски С. Александар од Општинскиот фудбалски сојуз Битола со бој 393-2014 издадена на ден 17.01.2014 година, бидејќи рокот на Брисовницата издадена од Општинскиот фудбалски сојуз Битола е кој траел 45 дена е поминат.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 14.09.2020 гиодина**

***Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТУДЕНА ВОДА„ с. Доброшане: Николовски Дамјан од ФК „Њу Старс„од Скопје,чл. 35/13.

***Бришње од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Куманово, фудбалерот Пешевски Марко од Фудбалскиот клуб „Јуниор„ од с. Доброшание – Куманово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 15.09.2020 година**

***Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ОСОГОВО„ Кочни: Јашари Шенол од ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје, по чл. 35/13.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Дополнување на**

**Седница од 06.09.2020 година**

***Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВЕЛАЗЕРИМИ 77„ Кичево: Арифи Б. Алтин од ФК „Влазрими Ј. 1977, по чл. 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 06.09.2020 година**

***Регистрација на фудбалери:**

ФК „АГРОБОЈМИЈА„ с. Удово: Костадиновски Трајче по член 35/1.

ФК „ПРОЕКТ„ с. Јосифово: Ристов Б. Стојче, Павлов П. Глигор, Коцев Т. Иван, Ѓорѓиев З. Владимир и Грбашлиев Б. Лазе од кМФ „Проект Цико„ по член 35/3.

Комисија за жалби на ФФМ

10 - 2010/2
11.09 20

Комисијата за жалби на ФФМ во состав: Димитар Трајчевски – зам.претседавач, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими - член постапувајќи по жалбата број 10-1968/1 од 03.09.2020 година поднесена од ФК Лабуништа 2011 од Тетово против Одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-1953/1 од 02.09.2020 година, врз основа на член 122 а во врска со член 100 став 1 т.10 од Правилникот за натпревари и член 20 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката 2020/21 на седницата одржана на ден 11.09.2020 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата број 10-1968/1од 03.09.2020 година поднесена од ФК Лабуништа 2011 од Тетово против Одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-1953/1 од 02.09.2020 година се **одбива како неоснована.**

2. Се потврдува одлуката на Комисијата за натпревари бр. 15-1953/1 од 02.09.2020 година со која натпреварот ФК Лабуништа 2011- ФК КФГ Гостивар АД одигран на ден 29.08.2020 година во рамките на 2-ро коло на Втора МФЛ Запад се регистрира со постигнатиот резултат 1:3.

3. Одлуката е конечна .

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „ Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за жалби на ФФМ на седницата одржана на 11.09.2020 год. ја разгледа жалбата поднесена од ФК Лабуништа 2011 Тетово против одлуката на Комисијата за натпревари бр. 15-1953/1 од 02.09.2020 година .

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана, за што Одделението за натпревари достави до Комисијата уплатница за регулирана такса и потврда за достава на првостепената одлука.

Во жалбените наводи, жалителот се повикува на повреда на одредбите од член 20 став 5 во врска со став 10 од истиот член на Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката 2020/21 година.

Жалителот наведува дека на натпреварот ФК Лабуништа 2011-ФК КФГ Гостивар АД одигран на ден 29.08.2020 година во рамките на второ коло на Втора МФЛ Запад ,КФГ Гостивар АД како противничка екипа, натпреварот го започнала со фудбалерот Алмир Реџепи ИД број 110504 како фудбалер до 21 година кој не го исполнува условот од член 20 став 10 од истите Пропозиции бидејќи фудбалерот Алмир Реџепи на 24.03.2019 и 26.03.2019 година настапил за репрезентацијата на Албанија до 19 години на два пријателски натпревари против соодветната репрезентација на Македонија во Корча (Албанија) и Охрид (Македонија), како и на 03.06.2019 година на пријателски натпревар за селекцијата на Албанија до 19 години против соодветната селекција на Косово.

Жалителот наведува дека Комисијата за натпревари погрешно ја применила одредбата од член 20 став 10 и 11 во врска со став 5 од истиот член *од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката 2020/21 година* кога во првостепената одлука навела дека настапот на фудбалерот на споменатите натпревари не се случил пред или за времетраење на првенството па поради тоа ја одбила изјавената жалба и натпреварот од второ коло: ФК Лабуништа 2011-ФК КФГ Гостивар АД не го регистрирала со службен резултат во корист на жалителот .

Жалителот смета дека одредбата од став 10 на член 20 од погореспоменатите пропозиции се однесува на целиот период пред првенството кој може да трае и 5 години а не само непосредно пред првенството бидејќи во нормата не е споменато дека *„пред"* се однесува само на тековната натпреварувачка година. Жалителот бара да се уважи жалбата и натпреварот ФК Лабуништа 2011-ФК КФГ Гостивар АД согласно член 100 став 1 т.10 од Правилникот за натпревари да се регистрира со службен резултат во корист на жалителот.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и материјалните докази доставени во првостепената постапка: записник од натпреварот од второ коло на Втора МФЛ Запад: ФК Лабуништа 2011-КФГ Гостивар АД, копии од веб страна на Трансфер маркет каде е прикажан профилот на фудбалерот и составот на Репрезентација до 19 години на Албанија, копии од веб страната на Албанската Фудбалска Федерација каде е прикажано инфо за натпреварите на кој фудбалерот Алмир Рецепи настапил, записници од Комет системот на ФФМ, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На 29.август 2020 год. во Тетово во рамките на второто коло на Втора МФЛ Запад, одигран е натпреварот помеѓу ФК Лабуништа 2011 Тетово-ФК КФГ Гостивар. ФК КФГ Гостивар АД првото полувреме го започнува со фудбалерот Алмир Рецепи со ИД 110504 и со Џемаил Есати со ИД 10788 како фудбалери кои имаат статус на фудбалери до 21 година . Врз основа на доставената документација, Комисијата утврди дека фудбалерот Алмир Рецепи со ИД 110504 во натпреварувачката 2018/2019 на 24.03, 26.03 и на 03.06.2019 година настапил на три натпревари за Репрезентацијата до 19 година на Р.Албанија. Двата натпревара се одиграле за времетраење на првенството 2018/19 и еден непосредно по завршување на првенството а пред истек на натпреварувачката 2018/19 година. Ниту еден од натпреварите немал официјален карактер, сите три биле пријателски.

Комисијата утврди дека за да бидат основани жалбените наводи и усвоена жалбата на жалителот согласно член 100 став 1 т.10 од Правилникот за натпревари, противничката екипа требала да го започне натпреварот со помалку млади фудбалери од тие што се предвидени во став 5 на член 20 а во согласност со став 10 и 11 на истиот член од *Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката 2020/21 година.*

Имено противничката екипа би настапила со помалку фудбалери до 21 година од предвидените, доколку фудбалерот Алмир Рецепи со ИД 110504 го изгубил статусот на фудбалер до 21 година на начин предвиден во став 10 од наведените Пропозиции односно, доколку истиот одбрал да настапува на официјален или неофицијален натпревар пред или за времетраењето на првенството.

*Став 10:*

*Домашниот фудбалер од став 5 кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар) , доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и*

*одбере да настапува за странската репрезентација го губи статусот на фудбалер, кој нема навршено 21 година, до настап за селекција на ФФМ кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.*

Комисијата констатира дека фудбалерот Алмир Реџепи со ИД 110504 настапил на неофицијални натпревари за странска репрезентација, натпреварите не се одиграни пред или за времетраење на првенството (2020/21) со што условот од став 10 поради кој фудбалерот можел да го изгуби статусот на фудбалер до 21 година не е исполнет.

Комисијата констатира дека терминот **првенството** не упатува на било кое првенство туку одредбата упатува на конкретно првенство, првенство на кое се однесуваат и самите Пропозиции, видливо и од самиот наслов: *Пропозиции за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката 2020/21 година.* Терминот „пред" се однесува на периодот пред почеток на првенството за кое се однесуваат Пропозициите, не пред почеток или за времетраење на друго претходно првенство.

Настапот на фудбалерите за странски репрезентациии во претходни сезони како во конкретниот случај е уреден со став 11 на истиот член а не со став 10 што воедно ги прави дополнително неосновани наводите на жалителот дека став 10 упатува на било кој период пред првенството вклучително и период од пред повеќе сезони.

Во врска со став 11 на член 20 од *Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад за натпреварувачката 2020/21 година*, Комисијата утврди дека фудбалерот Алмир Реџепи со ИД 110504 не настапил на официјален натпревар во некоја претходна сезона.

Фудбалерот настапил на неофицијални натпревари во претходна сезона (2018/19) и согласно одредбата на став 11 на член 20 со ваквиот настап не го изгубил статусот на фудбалер до 21 година .

*Став 11:*

*Доколку фудбалер бил повикан и одбрал да настапува на официјален натпревар за странска репрезентација во некоја претходна сезона, со настап за селекција на ФФМ повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.*

Согласно погоренаведеното, Комисијата утврди дека Комисијата за натпревари во првостепената одлука правилно ја утврдила фактичката состојба и правилно го применила материјалното право кога ја одбила жалбата на жалителот како неоснована и го регистрирала натпреварот со постигнатиот резултат.

Од тие причини а согласно член 122 од Правилникот за натпреварување Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби<br>
Зам.Претседавач<br>
Димитар Трајчевски

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-2039/1

Втора МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 13.09.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 15.09.2020 година донесе:

## ОДЛУКА

1. КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 3 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 20/21 помеѓу, КФГ ГОСТИВАР АД - ФК КОРАБИ, ја констатира следната фактичка состојба: Ќаили Валтрин со ИД 110656 фудбалер на КФГ Гостивар АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон (прв во 70 недозволен старт и втор во 75 недозволен старт) во рамки на 3 коло на Втора МФЛ Запад на натпреварот КФГ Гостивар-ФК Кораби одигран на 12.09.2020 година во Гостивар.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски с.р

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-2038/1

Втора МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 15.09.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 15.09.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ЛАБУНИШТА 2011 Тетово - Тетово се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 3 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 20/21 помеѓу, ФК ВЕЛЕШТА - ФК ЛАБУНИШТА 2011 Тетово, ја констатира следната фактичка состојба: Александар Тофиловски – претставник на ФК Лабуништа 2011 се предава на ДК на ФФМ поради исклучување во 85 минута од натпревар поради пцуење и некоректен однос на натпреварот во рамки на 3 коло на Втора МФЛ Запад ФК Велешта-ФК Лабуништа 2011 Тетово одигран на 12.09.2020 година во Велешта.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ЛАБУНИШТА 2011 Тетово -
- Тетово
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-2041/1

Втора МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 15.09.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 15.09.2020 година донесе:

## ОДЛУКА

1. ФК КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА - Гевгелија се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ.

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 3 коло на Втора МФЛ ИСТОК 20/21 помеѓу, ФК КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА - ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Трајче Ников со ИД 103692 фудбалер на ФК Кожуф Гевгелија се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон во 90+1 минута од натпревар поради неспортски однос во рамки на 3 коло на Втора МФЛ Исток на натпреварот ФК Кожуф Гевгелија-ФК Брегалница 2008 одигран на 12.09.2020 годинавоГевгелија.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА - Гевгелија
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1949/2
10.09. 2020 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-Член,Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1949/1 од 01.09.2020 година против Абази Ајет со ИД 128997 фудбалер на Ф.К.Вардар Форино исклучен од натпреварот одигран на ден 30.08.2020 година во рамки на 2 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу, Ф.К.Вардар Форино-Ф.К.Скопје АД поради директен црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 10.09.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Абази Ајет со ИД 128997 фудбалер на Ф.К.Вардар Форино исклучен од натпреварот одигран на ден 30.08.2020 година во рамки на 2 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу, Ф.К.Вардар Форино-Ф.К.Скопје АД поради директен црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 31.08.2020 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

### Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-1949/1 од 01.09.2020 година против Абази Ајет со ИД 128997 фудбалер на Ф.К.Вардар Форино исклучен од натпреварот одигран на ден 30.08.2020 година во рамки на 2 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу, Ф.К.Вардар Форино-Ф.К.Скопје АД поради директен црвен картон, ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 30.08.2020 година е одигран натпреварот во натпреварот во рамки на **2** коло од Втора МФЛ Запад помеѓу Ф.К.Вардар Форино-Ф.К.Скопје АД на Градски Стадион во Гостивар .Во 56 минута од натпреварот на играчот со број 12 Абази Ајет со ИД 128997 фудбалер на Ф.К.Вардар Форино му е доделен директен црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Ристе Сејменов поради насилничко однесување. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**Ф.К.Варадр Форино**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**